Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

19 февруари, 2024

**Архивски број : 67-335/5**

Врз основа на член 69 од Законот за животна средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 171/22), како и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 147/08), Министерот на Министерство за транспорт и врски организира

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И РАСПРАВА ПО**
**Нацрт извештај за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1 – бензинска станица со пратечки објекти на државен (магистрален) пат А2 КО Ново село 2, општина Маврово и Ростуше**

Се известуваат граѓаните, правните и физички лица дека се организира Јавна презентација и расправа за Нацрт Извештај за Стратегиска оценка на влијанието врз животната средина Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1 – бензинска станица со пратечки објекти на државен (магистрален) пат А2 КО Ново село 2, општина Маврово и Ростуше.

**Јавната презентација и расправа на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе се одржи на ден 01.03.2024 година (петок) во 11:00 часот, во просториите на општина Маврово – Ростуше, Одделение за урбанизам – Маврови Анови.**

Одлуката за спроведување Стратегиска оценка на влијание врз животната средина од Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1 – бензинска станица со пратечки објекти на државен (магистрален) пат А2 КО Ново село 2, општина Маврово и Ростуше, е донесена на 15.01.2024 година и може да се погледне на следниот линк: http://www.mtc.gov.mk/Sozzs/2-30 и http://www.mtc.gov.mk/Sozzs/2-33 .

Нацрт Извештајот за Стратегиска оценка на влијание врз животната средина од Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на "Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1 – бензинска станица со пратечки објекти на државен (магистрален) пат А2 КО Ново село 2, општина Маврово и Ростуше ", беше објавен на 13.02.2024 година на web страната на Министерството за транспорт и врски


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

(http://www.mtc.gov.mk/Sozzs/2-34 ) и се уште може да се погледне на истиот линк.

Министерството за транспорт и врски ја информира заинтересираната јавност дека до 23.02.2024 година сите заинтересирани можат да ги доставуваат своите забелешки, мислења и сугестии до Министерството за транспорт и врски, ул. Плоштад Црвена Скопска Општина бр.4, 1000 Скопје, или на електронските адреси на Министерството за транспорт и врски: aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk, vesna.markovska@mtc.gov.mk и aleksandra.jovikj@mtc.gov.mk.

**МИНИСТЕР**
**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

Изработил: Александра Јовиќ, диа
Проверил: Весна Марковска Андриевска, диа
Раководител на сектор за уредување на просторот